# ОДГОВОР

## на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ (СОЗР) на ден 12.02.2015 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ до Државниот завод за ревизија заведени под број 11-201/3.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на **препораката под реден број 1** која е поврзана со утврдената состојба **2.1.2.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на тоа дека СОЗР нема воспоставено пракса на изготвување на стратешки и годишен план/програма за работа, **претставува известување** за преземени активности од страна на СОЗР за надминување на констатираната состојба. Имено, СОЗР на ден 31.12.20154 година има донесено Стратешки план 2015-2017 година и Работна програма за 2015 година. Преземените активности од страна на СОЗР соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

2. Со упатената забелешка на утврдените состојби во **точката 2.1.3., алинеја 5,** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на воспоставениот информациски систем, организационата структура и системот на интерни контроли на информатичката технологија, кои ги применува СОЗР заради сеопфатна ИТ безбедност, одговорното лице на СОЗР, информира дека ИТ системот и ризиците од загуби и несакани настани поврзани со ИТ технологијата се сведени на минимум со донесените пишани документи, кои соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

3. Упатената забелешка на утврдените состојби во **точката 2.2.1., алинеја 5,** од Нацрт извештајот, која се однесува на следењето на реализацијата на склучените договори **се прифаќа**, поради дополнително доставена документација. Имено, согласно Правилникот за систематизација на работните места на СОЗР, следењето на договорите се врши од страна на лица вработени во секторот за комерцијални работи задолжени со решенија за распоредување, која состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

| Ревизорски тим: | Овластен државен ревизор |
| --- | --- |
| *1.*________________________ | ________________________ |
| *2.*________________________ | |
| *3.*________________________ | |

4. Упатената забелешка на утврдените состојби во **точката 2.2.1., алинеја 9,** од Нацрт извештајот, а која се однесува на склучен договор за одржување на хигиена на работни простории и дворни површини, тековно одржување на објектите, обезбедување на ПП заштита на објекти, дактилографски услуги и оперирање со ТТ - централи на објектите на Државната управа и подрачните организациони единици на Министерствата за период од три години, постои ризик од надминување на вредноста на договорот, **претставува известување** за мерките кои СОЗР ги превзема во насока на минимизирање на ризикот од надминување на вредноста на договорот.

5. Упатената забелешка на утврдената состојба во **точката 2.2.3.** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа дека воспоставените контроли во процесот на инвентарисување на средствата и обврските не овозможуваат целосна покриеност на ризиците, што може да има влијание врз реалноста и објективноста на позициите во Билансот на состојба на 31.12.2013 година, **претставува известување** за констатираната состојба од страна на ревизијата. Имено, одговорното лице на СОЗР дава објаснување за причините поради кои не се целосно покриени ризиците во процесот на инвентарисување на средствата и обврските, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата.